Македонско Геолошко Друштво
ГЕОЛОГ
Бр. 609-6/2
30. 06 2025 год.
СКОПЈЕ

СРПСКО ГЕОЛОШКО ДРУШТВО
АРХИВА
Број 10/25
БЕОГРАД

МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

склучен помеѓу:

1. Македонско геолошко друштво - Геолог, со адреса на ул. „Дрезденска“ бр. 52, 1000 Скопје, претставувано од проф. д-р Соња Лепиткова, претседател, од една страна,
и
2. Српско геолошко друштво, со адреса на ул. „Каменичка“ бр. 6, П. фах. 227, 11000 Београд, претставувано од проф. д-р Урош Џурић, претседател, од друга страна,
во понатамошниот текст: **„Страните“**.

ЦЕЛ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА

Член 1
Со овој меморандум се утврдува рамката во која се реализира соработката меѓу Страните за прашања од заеднички интерес, базирана на искористување на внатрешните потенцијали на двете друштва, со цел постигнување заеднички цели во областа на геологијата.

ПОЛЕ НА СОРАБОТКА

Член 2
Меѓусебната соработка ќе се реализира во различни домени од нивниот делокруг на дејствување, врз основа на начелата на:
стручност, независност, неутралност, објективност, сигурност, доверливост и рационалност.

НАЧИНИ НА СОРАБОТКА

Член 3
(1) Страните ќе соработуваат во согласност со своите статути и програми, како и заеднички утврдени потреби, преку:

- одржување на заеднички состаноци,
- апликации и имплементација на заеднички проекти,
- присуство на конференции,
- учество на обуки и курсеви,
- размена на информации и ресурси.

(2) При организација на симпозиуми, конгреси, семинари или други стручни собири од едната страна, членовите на другата страна ќе имаат исти попусти како и членовите на друштвото-организатор.

КООРДИНАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА

Член 4
(1) Потписниците ќе дискутираат по прашања поврзани со реализацијата на целите на овој Меморандум, како и други активности што ќе произлезат од него.
(2) Ќе се обезбеди постојана координација, поддршка, меѓусебно информирање и имплементација на договорените активности.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 5
(1) Овој Меморандум може да се измени или дополнува со Анекс, по договор меѓу Страните.
(2) Секоја од Страните може да го раскине Меморандумот со писмено известување најмалку 30 дена пред прекинот на важењето.

Член 6
(1) Меморандумот стапува во сила на денот на неговото потпишување и важи на неопределено време.
(2) За конкретна реализација на одредени активности, по потреба, ќе се склучуваат посебни договори и правни акти.
(3) Меморандумот е составен на македонски и српски јазик, во четири (4) еднакви примероци, од кои по два (2) за секоја од страните.

Македонско геолошко друштво - Геолог
Проф. д-р Соња Лепиткова
Претседател

Српско геолошко друштво
Проф. д-р Урош Ћурић
Претседател

Во Белград, на ден 27.06 **2025 година**